# студентско ехо

БРОЈ 31, МАРТ 2026
БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

19 ГОДИНИ

GOCE DELCEV
UNIVERSITY

ACE2 EUROPEAN UNIVERSITY

Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged

## СОДРЖИНА:


4. ОДРЖАНИ ОРАТОРСКИТЕ НАТПРЕВАРИ 2026 НА УГД
8. ИЗБРАНО НОВ СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА УГД
10. ЕДНА ГОДИНА ОД ТРАГЕДИЈАТА ВО КОЧАНИ
16. МИНИСТЕРКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПОСЕТА НА УГД
17. СТУДЕНТИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА СТУДИРААТ И ДА РАБОТАТ
20. КОЛКУ Е ЗАГРОЗЕНО КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО НА БЛИСКИОТ ИСТОК СО ВОЈНАТА
21. ИСТРАЖУВАЧИ ОД АЛИЈАНСАТА НА УНИВЕРЗИТЕТИ ВО ПОСЕТА НА УГД
24. ДАЛИ НА ШТИП И УГД Е ПОТРЕБНА БОТАНИЧКА БАВЧА
25. СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ -КАРНЕВАЛСКАТА МАГИЈА ГО ОСВОИ ГРАДОТ
27. СТУДЕНТСКИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП: ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ
29. ДАЛИ ЧИТАМЕ КНИГИ, КОЛКУ НИ СЕ ВАЖНИ И ШТО МОЖЕМЕ ДА НАУЧИМЕ ОД КЛАСИЦИТЕ?
30. ПРИКАЗНА ЗА КУЧЕТО РОЦЕР
32. РЕТРСПЕКТИВА НА 25ТЕ ЗИМСКИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2026 ВО МИЛАНО И КОРТИНА
33. ФК ПОНЦИНА КАЛЧО ОД ТРСТ ИГРАЛ ВО ДВЕ НАЦИОНАЛНИ ПРВЕНСТВА


## ИМПРЕСУМ:


**„Студентско exo“ 31**
**Студентско списание**
**Катедра по новинарство и односи со јавноста**
**Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“**
**Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година**
**(основач на списанието е проф.д-р Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)**

**Главен и одговорен уредник:**
**проф. д-р Андон Мајхошев**

**Графички уредник и фотографија:**
**Александар Максимов**

Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса:
studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

# УГД ОДБЕЛЕЖА 19 ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО











Со одржување на повеќе пригодни манифестации, УГД одбележа 19 години од основањето. Сепак во Агендата две активности се традиционални и секоја година се содржани во Програмата за одбележување на годишнината: ораторски натпревар и свечена седница.
На ден 26.март 2026 година се одржаа 13ти по ред традиционални Ораторски натпревари на кои учество зедоа 13 натпреварувачи. Студенти и средношколци од Штип и Кочани се натпреваруваа во три категории: победник од публиката, победник од Комисијата за избор на најдобар оратор и победник во категоријата средношколци.
На 27.03. во салата на Мултимедијалниот центар се одржа свечена седница на која, Ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски, со пригоден говор се обрати пред професорите, студентите и гостите, при што кратко се осврна на почетоците на работата на УГД, неговиот развој, дигитализацијата на УГД како врвен приоритет и предизвиците во наредниот период. Во тие рамки, Ректорот се задржа и на значењето на Алијансата на девет јавни универзитети од исто толку држави за развојот на УГД во рамките на единствениот европски образовен простор.
На свеченоста се обрати и претседателот на студентската организација СОМА, Мирасчиев, кој се осврна на значењто на отвореноста на УГД кон европскиот универзитетски и академски простор, кој на студентите им дава можност да престојуваат и да стидираат на други универзитети, да стекнат нови пријателства кои ќе траат цел живот
Да се потсетиме дека УГД е основан на 27.03.2007 со донесување на Законот за основање на Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип и ова дата се одбележува како Ден на Универзитетот. На УГД му посакуваме успех и да опстојува вечно на универзитетскиот универзум.



УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# XIII ОРАТОРСКА ВЕЧЕР НА УГД



На 26-ти март бевме на 13-тата по ред Ораторска вечер на Правниот факултет на УГД во Штип. Го организираше тој нивниот клуб на оратори, по име „Rostra Vetera". Имаше вкупно 13 луѓе што излегоа да говорат – и студенти од различни факултети и средношколци од градот и регионот. Салата беше буквално преполна, едвај се наоѓаше место!

Настанот го отвори деканката на Правен, проф. д-р Билјана Тодорова со интересен и инспиративен говор. Искрено, очекував дека студентите ќе говорат на некои досадни теми, но атмосферата беше одлична! Говореа за тешки и сериозни работи – за трагедијата во Кочани, за корупцијата што ја има насекаде, за тоа како нема правда и еднакви услови за сите, па дури и за насилството врз жените. Баш беа храбри да говорат за ова пред толку народ.

Имаше и стручна жири комисија со познати професори – Ана Никодиновска Крстевска, Трајче Стојанов и Димитар Апасиев, плус Христина Спирова како поранешен (алумни) оратор и Станела Гацова од Студентското собрание (УСС). Откако сите завршија, комисијата одлучи првата награда кај студентите да ѝ ја даде на Искра Постолова од Правен факултет, а за средношколци победи Илина Донева од гимназијата „Ѓупчо Сантов" во Кочани. Ние од публиката исто имавме право да гласаме со ливчиња, нашата награда ја зема Даница Лефкова од штипската гимназија „Славчо Стојменски".

На крај, сите што учествуваа добија сертификати и пофалници (навистина имаа супер настапи), ама најјакото е што тие што победија ќе добијат вистински парични награди од УГД.

Целото ова го организираа професорката Елена Максимова и асистентите Кристијан Панев и Елена Трајковска. Секоја чест за сите што се пријавија да говорат, искрено ретко кој би имал толку храброст да настапи пред цела сала!





Искра Постолова



Илина Донева



Даница Левкова



Ангела Стојанова



Андреја Јангеловска



Бисера Јанева



Борис Граматковски



Димитар Пановски



Јана Димитровска



Љубица Жежова



Мелани Иванова



Теа Барбашка



Тамара Накова



# ИЗБОР НА СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ



**Кој ги штити правата на студентите на УГД? (Кратко и јасно за Студентскиот правобранител)**
**Ако некогаш се најдете во ситуација каде што вашите студентски права се прекршени од страна на некој професор, администрацијата или факултетот, адресата на која треба да се обратите е Студентскиот правобранител.**

- Што всушност работи? Тој стапува во акција штом некој студент ќе поднесе официјална поплака. Но, не мора да чека пријава – ако самиот забележи дека се кршат студентските права, може да реагира по сопствена иницијатива.

- Дали Универзитетот мора да го слуша? Да! Ова е најважниот дел. Органите на Универзитетот имаат законска обврска да ги послушаат неговите укажувања и да го решат проблемот. Тој не е само формална фигура.

- Кому му поднесува сметка? За сè што сработил во текот на годината, правобранителот поднесува официјален годишен извештај директно до Универзитетскиот сенат.

- Кој е новиот правобранител? За оваа 2026 година, Универзитетското студентско собрание (УСС) го избра Антонио Василев. Тој е студент во четврта година на Музичката академија при УГД во Штип.

- Колку време ќе биде на функција? Неговиот мандат стапува на сила веднаш со донесувањето на одлуката и ќе трае точно две години.







# НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ СЕ ОДРЖА НАСТАНОТ СМЕТКОВОДСТВЕНА СУПЕРЛИГА




Економскиот факултет при УГД-Штип на19.03.2026 година беше домаќин на еднен интересен интерактивен настан под називот "Сметководствена суперлига". Настанот имаше за цел поттикнување на знаењето, тимската работа и практичната примена на сметководствените вештини. Настанот претставува иновативна и едукативна платформа наменета за студенти – млади професионалци од областа сметководство, финансии и ревизија. Учесниците беа организирани во девет групи од по тројца членови и се натпреваруваа низ серија предизвици и задачи базирани на реални деловни сценарија.

Настанот, покрај студентите на Економски факултет, го следеа и го збогатија и ученици и професори од средните училишта во Штип, Струмица, Кочани, Радовиш и Виница.

Сметководствена суперлига" има за цел да ја приближи професијата до младите и да покаже дека сметководството и ревизијата не се само теорија, туку динамична и креативна дисциплина со големо значење за современиот бизнис.












# МИНИСТЕРКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ВО ПОСЕТА НА УГД



На 24.02.2026 година во работна посета на УГД-Штип беше Министерката за образование и наука, г-ѓа Весна Јаневска. Повод за нејзината посета беше дискусија по Законот за високо образование и Законот за квалитет на високотот образование. Расправата предизвика огромен интерес кај академската заедница на УГД која даде голем број предлози за подобрување на текстот на двата закони.

Најголема дискусија се разви околу автономијата на Универзитетот и критериумите за изборот наставниот кадар во наставно-научни звања. Општ заклучок е дека дискусијата беше плодна и разноврсна од која произлегоа многу предлози за кои веруваме дека ќе најдат место во новиот Закон за високо образование.

Во меѓувреме, Законот за високо образование е во завршна фаза и наскоро ќе влезе во собраниска процедура, каде народните избраници треба да го усвојат.

Академската заедница на Универзитетот Гоце Делчев даде огромен придонес во подобрување на текстот на Законот.

Република Северна Македонија

Министерство за образование и наука

# МЛАДЕШКИТЕ СОНИШТА И ЖЕЛБИ ЗАРОБЕНИ ВО СВЕТ НА БОЛЕСТИ И ВОЈНИ

Соништа и желби! – Преокупација на еден мадешки живот. Длабоко завиткани во едно нежно пакување, кое се плаши да го отвори и покаже на суровиот надворешен свет. Младешко срце е тоа, симбол на радоста, убавината, поривот за освојување на огромни тврдини. Ковчег богатство засолнето во длабочините на умот кој како ветер не може да биде фатен и заробен, кој лета во области каде е недофатлив. Таму некаде во недоглед, наеднаш се стреснува, се губи и му треба долго време за да се прибере.

Како секој млад човек и јас размислувам за мојата иднина, моите планови многупати ги насочувам во светот на фантазијата, па почнувам да сонувам и на јаве. И, се' е така волшебно до моментот кога се враќам во реалноста. А, таму? Мрак и студенило, кои ја уништуваат желбата во мојата душа. Во училиште не' учеа дека човековиот ум е креатор на самиот човек. И, сега се прашувам, како да се креирам самата кога живеам во еден толку суров свет, каде владее зло кое го уништува човековиот род? Секојдневно слушаме застрашувачки вести за болести, насилства, војни. И, пак се прашувам, зошто мора токму ние да го понесеме овој огромен товар на нашите плеќи? Непромислени злосторства од луѓе што не знаат за милост, луѓе жедни за туѓа почва и задоволување на свои интереси. Луѓе, несвесни за лелекот на мајката што го губи синот во војна, за солзите на детето кое умира од глад, за старецот кој не знае дали ќе го дочека новиот ден. А, јас немоќна, размислувам и стравот ме надвладува. Уште незараснати лузните од пандемијата која на секој од нас ни' однесе некој близок и неизбришани слики во глава од хоророт по болниците, еве, сега нови, пострашни. Си велам, болеста можеби не можевме да ја спречиме, немавме лек, но војната можеме и тоа веднаш. Човековиот ум е предизвикувач, доволно е само да се свестат мал број на луѓе и да се остави оружјето. Стравот се' повеќе ме стега, а помислата колку само брзо може да пламне оганот и кај нас ме загрижува, бидејќи потребна е само една искра за да вивне пламенот. А, колку малку треба да се подаде рака, па наместо оружје да се крене чаша и да се заврши ова лудило. Што е проблемот, - зар треба да градиме суети врз туѓи несреќи, да се натпреваруваме кој ќе биде посилен и каде ќе има повеќе жртви? Луѓето кои ги оставија домовите и талкаат по туѓи земји само со облеката на себе, зарем се толку небитни во однос на оние неколкумина суетни? Не! Тие се најбитни исто колку и ние. Сите сме се родиле на различни места во светот и таму треба да живееме во мир и спокојство.

Верувам дека денешната ситуација уништила многу соништа и желби. Мои, твои, нечии! Во вакво општество во кое живееме, во моментов мојата желба е едноставна. Да престанат сите војни, да бидат сите здрави и љубов насекаде да се шири. Политичарите да си ја гледаат политиката, секој да си се насочи во својата област, а ние младите да се образуваме во една здрава средина. Ќе најдеме место и време да се градиме во зрели личности. Ќе ги оствариваме своите желби и соништа. Едноставно, ќе живееме. Ние тоа го можеме!







# ШОПОВ – ТРАЕН БЕЛЕГ НА ШТИП

Да бидеш поет значи да знаеш да сонуваш и на јаве. Секоја мисла да ја преточиш во стих на лист хартија. Стих за љубовта. Стих за болката и маката. Стих за тагата по родното место. А стихот, како мрежа сплетен, збор до збор извезен, да остане трајна вредност на генерациите по тебе. И тогаш бараш збор за да кажеш, збор за река да премостиш, збор солза да запре, душа да излечи. А душа, гори и пече, дур збор да доречe болката притиска и тогаш тишината сама ќе го рече.

Ацо Шопов - поет, борец, великан. Роден во мојот Штип, вечна инспирација на мене, на тебе, на сите нас. Лиричар кој плени со изразот на своите чувства кон саканата, со истрајноста и борбеноста, да се одмазди за нејзиното бавно умирање, на кое тој со своите другари - партизани биле"неми"сведоци. О, поету, мој возвишен! Ти си херојот на секое време. Ми кажуваа моите предци за тебе, за твоите достигнувања и твоите дела. И наставниците во училиште те воспеваа. Твоите стихови оставаат длабоки траги на нас, твоите поколенија. Лириката за љубовта твоја кон девојката, жената или мајката, сеедно, не' поттикнува да сакаме, да се бориме за тоа што го сакаме и да не се плашиме од загуба, затоа што животот после секоја загубена битка нам ни дава сили да истраеме во уште поголема од претходната. Јас гордо чекорам денес во мојата татковина, благодарение на подвизите твои и на твоите соборци. Колку ли само тешка била вашата задача. Да се бориш за својата татковина, да си вљубен во другарката од борбените редови, но и да гледаш како таа полека, со жар во очите ги губи последните сили, а ти немоќен да помогнеш со горчина во душата и со жал која тлее во срцето… пустата душа ти се кине на безброј парчиња, па не можеш ниту збор да кажеш. О, борецу мој! Колку зборови, колку само недоречени работи останале, свиени во гнездото на твојот гнев…гневот кој останал закопан заедно со телото на твојата сакана, Вера Јоциќ. Љубовта не само кон неа, туку и кон секое женско битие, ти ги опеа во своите песни што ги остави како белег на твоето постоење. Убавината, нежноста и мудроста на жените ја воспеваше, а како кралица над сите, ја издигна својата мајка. Мајката е симбол на извор, од неа се раѓа нов живот, се раѓа љубов, грижа и заштита над своето чедо, затоа и треба да е на прво место. И со право е тоа така, бидејќи жената е само една епизода од животот на мажот, а мајката е вечна…закрила над својот пород, па дури и по својата смрт, таа останува мајка. Твоето творештво, мене ме плени. Јас, еве, одам по твоите стапки, ги ткаам зборовите од твоите дела во мислите свои за еден ден да ги пренесам на чедата мои. А денес, исто ко лани, јас немо стојам пред твојата биста, почит ти давам, мој хероју славен. Ти се поклонувам за борбеноста смела и љубовта чиста.

Еј, вие идни млади поколенија! Слушнете го мојот глас што се точи за херојот славен на нашето време. Не бидете со насолзени очи, кренете глава, насмејте лика, одете напред кон својата цел. Бидете горди на јунаците кои живот дале во бојот врел.






ДИМИТАР ПАНОВСКИ

# РЕТРОСПЕКТИВА НА XXV ЗИМСКИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ

Бројот шест стана симбол на Олимпизмот во Италија. Италија беше трипати домаќин на ЗОИ кои се одржани во години кои завршуваат со бројот шест: 1956 (Кортина), 2006 (Торино) и 2026 година (Милано и Кортина). ЗОИ се одржаа под мотото Хармонија (итал. Armonia). На игрите учествуваа 92 земји, како и самостојни неутрални спортисти. Олимписките комитети на Русија и Белорусија останале суспендирани поради прекршување на олимпиското примирје со руската инвазија на Украина во 2022 година. Руските и белоруските спортисти немаат право да учествуваат во екипни натпревари, како што се во хокеј на мраз и карлинг, затоа што МОК одлучил дека "група од поединечни неутрални спортисти не може да се смета за екипа"

Свечено отварање на ЗОИ 2026 во Милано/Кортина

Ова е прва Олимпијада која се одржува во два града: Кортина и Милано. Во Кортина се одржаа зимските алпски и нордиски дисциплини, додека во Милано дворанските дисциплини (хокеј и уметничко лизгање, брзо лизгање).

Овие игри се одржаа на најширок простор и опфати повеќе места: Милано, Кортина, Предацо и Ливињо.

Свеченото отворање се одржа на стадионот Сан Сиро пред 60 илјади гледачи, а свеченото дефиле на спортситите се одржа во Милано, но и во Кортина но и во останатите места зависно од тоа каде ги продолжуваа своите натпреварувања.

На отворањето настап имаа и мега познатат музички звезда: Мараја Кери, Лаура Паузини (ја отпеа химната) и Андреја Бочели.....





На ЗОИ се одржаа 116 натпревари во 16 дисциплини, што е зголемување за една спортска дисциплина. Најмногу медали освои Норвешка

Свеченото затворање се одржи во Верона олимпик арена на 22 февруари 2026 година под геслото „Убавината во акција" што е новина во свечените затворања.

На ЗОИ 2026 настапија околу 2.900 спортисти од над 92 земји, од кои 47% беа жени. Од Македонија (нашата земја) настапија четири олимпијци/олимпијки скијачите Јана Атанасовска и Виктор Петков, како и нордијците Ставре Јада и Ана Цветановска. Најдобар пласман/резултат оствари Виктор Петков кој во дисциплината велеслалом се пласира на 55 место, што претставува мотивирачки успех на нашиот натпреварувач.

Свеченото затворање се одржа во Верона олимпик арената во Болоња што е нов момент во завршната церемонија.





Организаторите на игрите истакнуваат дека натпреварите се одржаа на спортската инфраструктура изградена во претходниот период, а беа изградени и нови спортски борилишта. За потребите на ЗОИ 2026 се изгради и нова спортска сала со капацитет од 16 илјади гледачи чија намена во иднина ќе биде мултифункционална за спортски, но културни манифестации концерти, изложби, саеми, конгреси итн. Сите и новата ќе се пренамени за развој на зимскиот спорт, но и за туризмот и културата, а Олимпиското село ќе биде трансформирано во место каде хотелските соби ќе бидат наменети за социјално станување и студентските потреби, секако и за сместување на туристи.

ЗОИ помина во знакот на тешката повреда на Линзи Вон од САД, која се повреди и заврши во болница.

По завршување на Олимписките игри во Милано/Кортина, Претседателката на МОК, Линзи Ковентри, на свеченото затворање куртоазно изјави дека овие игри биле најдобро организирани и најмасовни.

### ПРИКАЗНА ЗА КУЧЕТО РОЏЕР

# КУЧЕТО РОЏЕР Е ВКЛУЧЕНО ВО ТЕРАПЕВТСКИОТ ПРОЦЕС НА ПАЦИЕНТИТЕ НА КЛИНИКАТА ЗА ПСИХАТРИЈА ВО СКОПЈЕ



Медицината како динамична и експериментална наука постојано експериментира со нови медицински методи за лекување на пациентите. Еден од нив е вклучување на животни во терапевтските процеси на пациентите во психијатријата. На многу Психијатриски клиники во светот активно се вклучени кучиња. На ваков експиремент се реши и Клиниката во Скопје. Експертите процениле дека некои видови раси, поради нивниот карактер се предодредени за активно вклучување во терапевтските процеси на пациентите. Така, 70% од кучињата што се вклучени во овој процес се од расата Лабрадор, а останатите 30% од другите раси.

На Клиниката за психијатрија во Скопје е вклучено кучето Роџер од расата Лабрадор. Роџер е одлично прифатен од пациентите и персоналот донесе радост и хармонија во средииата. Според лекарите, пациентите реагираат позитивно кон Роџер, особено помладата популација. Тие велат, дека, кучето создадва врска и емпатија која не се мери со ниту една скала, ниту пак има зборови со кои може да се опише среќата и расположението, подобра социјализација, размена на позитивна енергија и сл.

Стави фото ако најдеш од Роџер

За Роџер се грижат сите вработени вклучен е во визитата и сите други активности.

Зошто е дел од Клиниката? Потекнува од љубовта кон животните, но и развивање на нови методи на лечење.

Со помош на животно-куче и се воспоставува врска меѓу куче и индивидуа нуди релаксација и расположенија, расте емпатијата, ги будат хормоните на среќа и создава емоциите на среќа и радост и емоционална врска со животното. Вклучувањето на кучето, според директорката на клиниката, проф. Славица Арсова, се прави согласно Animal Assisted Activities, активисти поддржани од животни кои имаат за цел емоционална поддршка, смиреност, социјална интеракција и подобрување на психосоцијалната благосостојба на пациентите.

"Присуството на куче на терапијата создава чуство на сигурност, прифаќање и доверба, што помага во воспоставување контакт, подобрување на емоционалната регулација и зголемување на мотивацијата на пациентите да се вклучат во терапијата", вели проф. д-р Арсова.

Активностите на Роџер се одвиваат индивидуално или во групи, секогаш под надзор на стручен тим и со согласност на пациентите.

Карактерно, лабрадорите се смирени, трпеливи и предвидливи, имаат висока емпатија и социјална интелегенција. Интуитивно реагираат на човечки емоции и природно пренесуваат позитивна енергија и среќа преку контакт, без да се наметнуваат", додава директорката Арсова.

# УГД е отворен универзитет

Важна димензија на визијата на УГД е отворен и динамичен Универзитет. УГД припаѓа на единствениот европски образовен простор, каде впрочем му е и местото. Ова подразбира дека УГД е дел од европскиот универзитетски простор и отворена институција во која студентите, професорите и вработените од универзитетската администрација преку Еразмус + програмата и други форми на соработка можат да студираат и престојуваат на други универзитети.

Потврда за отвореноста на УГД е развивање на идејата и имплементирањето на идејата за интернационализација на УГД, односно вмрежување со многу универзитети, но и основање на Универзитетска алијанса на девет универзитети, во која членува и УГД. Алијансата е значаен фактор во процесот на европскиот стремеж на нашата земја и нејзино побрзо интегрирање во ЕУ. Универзитетите се важен фактор за развивање иа европските вредности и целосна европеизација на академскиот простор ширум континентот. Тие се мост на поврзување на различни културни вредности во една вредносна целина наречена -Европска.

УГД, со својата отвореност и европска визија даава голем придонес за поврзување на различни културни и образовни вредности од кои се раѓа нов квалитет на европскиот простор. Доколку некој од Македонија сака да студира во Европа, УГД нуди огромни можности за студентите.

Од 24 до 26 март 2026 година, во Штип, преку заеднички активности со партнерите од Европа, се утврди нов модел на високо образование. Универзитетите се обврзаа на развој на заедничка високообразовна институција, заеднички програми, зголемени мобилности, обуки и низа други можности за студентите, кои се во центарот на овој процес.

Неколку дена претходно, во март 2026 година, УГД беше домаќин на ректорите, проректорите и студентите од Алијансата, при што ректорите/проректорите од Алијансата ги договорија главните насоки на делување во наредниот период.

Ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски, истакна дека во тек се клучни активности за финализирање на правната рамка на Алијансата.

"Во моментот ги разгледуваме оперативните и организациските активности околу формирањето на заедничкото правно лице, вклучително и дефинирање на Статутот, потпишување на договорите и усогласување со европските регулативи за заштита на лични податоци,….Верувам дека веќе во текот на наредната година ќе имаме функционално правно лице, што ќе овозможи понатамошен развој на Алијансата"изјави Мираковски.

Мисијата на Алијансата на универзитети (ACE2-EU) е применет, поврзан, претприемнички и ангажиран Европски универзите, кој има заедничка цел справување со идните предизвици преку иновативност, дигитализација, образование и општествена одговорност.











**ACE²** EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged

SANTARÉM POLYTECHNIC UNIVERSITY · Lietuvos inžinerijos kolegija · LATVIAN ACADEMY OF CULTURE · GOCE DELCEV UNIVERSITY · MEDICAL UNIVERSITY OF GDAŃSK · KÄRNTEN University of Applied Sciences · UFV Universidad Francisco de Vitoria · Technische Hochschule Ingolstadt

ПРОФ. Д-Р АНДОН МАЈХОШЕВ

## ПРЕДЛАГАМЕ ИДЕЈА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ РАЗГЛЕДА

# ДАЛИ НА ШТИП МУ Е ПОТРЕБНА БОТАНИЧКА ГРАДИНА





Штип е Универзитетски град, кој се развива динамично. На УГД студираат студенти од многу држави. Најдобра реклама на еден град се странските студенти кои ги пренесуваат сопствените доживувања и искуства од градот каде престојувале. Градот го посетуваат многу туристи и од Македонија. Штип има што да покаже на туристите: богата историја и културно наследство. Но, Штип како универзитетски град и административен центар на источна Македонија заслужува да има и Ботаничко катче, кое може да биде магнет за туристите, па и студентите од соодветните факултети. За реализација на оваа идеја Штип има и кадровски и институционални претпоставки. Носители во развојот на оваа идеја би биле УГД и Локалната самоуправа во Штип, кои преку партнерство и издржан проект пред Европските фондови можат да ја реализираат ова идеја.

Што е ботаничка градина?. За каква институција/ установа станува збор? Дали имаат врска со Универзитетите и каква намена имаат тие? Одговорот на овие и други прашања ќе го дадеме во текстот што следи.

Речиси секој поголем град во кој има Универзитет има Ботаничка градина. Врската помеѓу Универзитетите и ботаничката градина е потребна, бидејќи двете институции имаат иста цел-збогатување на знаењето за природата. Ботаничката градина е извор на нови сознанија за разни видови растенија кои потекнуваат од разни континенти и климатски предели. Тие ги претставуваат аспектите на природата, но и на човековата грижа за неа. Во светот постојат прекрасни ботанички градини кои се идеално место за посета на природата среде или близу град. Ботаничките градини имаат тематски делови и изложбени простори во кои посетителите имаат можност да го видат она што нив ги интересира.

Ботаничката градина е научно-истражувачка, наставна и културно-просветна установа во која се наоѓа колекција на живи растенија кои ја претставуваат разноврсноста и богатство на растителниот свет на Земјата. Замислена како збирка на живи растенија основана да би се претставиле меѓусобните односи во растителните групи. Се уредуваат по фитогеографски, систематски и еколошки принципи. Ботаничката градина често припаѓаат на универзитетите или на другите научни институции, кои главно се поврзани со истражувачки програми поврзани со ботаниката, и имаат уреден хербариум.

Ботаничките градини се дел од Универзитетите и имаат исклучително важна научна компонента. По дефиниција ботаничката бавча претставува строго заштитена зелена површина во која се дизајнира и создава уредена градина и чува документирана колекција на живи и сочувани растенија/билки, кои имаат значење во областа на научното истражување, образованието, јавно претставување, чување, кои можат да се користат како туристичка атракција или за производство на база на растенија, кои ќе се користат за општо добро на луѓето. Растенијата во Ботаничките градини главно се наоѓаат на отворено. Секое растение е означено со своето научно име и неговата припадност, како и поднебјето на потекло. Тоа овозможува посетителот полесно да се снајде во просторот.











Ботаничката градина дава можност пошироката јавност да дознае повеќе за растенијата, таа е ресурс за научниците, лабараторија на отворено. која има за цел зачувување на ретки и загрозени растителни видови. Таа претставува раѓање на науката и подигање на јавната свест за односот меѓу човекот и природата, развојот на многу научни дисциплини, особено ботаника, медицина, хемијам фармација, екологија.

Ботаничката градина во Падова е најстарата установа од ваков вид. Основана е во 1525 година врз основа на проектот на архитектот Андреа Морони. Неговиот архитектонски концепт во градењето на Ботаничката градина е земен како модел во многу градини ширум светот.

Со својата дејност ботаничките градини претставуваат значајна институција од наставно-научен, едукативен, културен и рекреативен карактер, кој со задоволство е посетуван од голем број вљубеници во природата, студенти, ученици, ботаничари и други.

Денес, ботаничките градини се своевидна туристичка атракција во многу градови ширум светот. Многу вакви институции се посетени од милиони туристи. Најпечатливи ботанички градини во светот кои вреди да се посетат се: Сингапурската, Националната ботаничка градина во Кејптаун во Јужна Африка, Ботаничката градина во Рио Де Женаиро, Ботаничката градина Бруклин во ЊуЈорк, Кралската ботаничка градина во Сиднеј во Австралија, Цветната ботаничка градина во Дубаи во Обединетите емирати и др.

Во Република Македонија, ботаничка градина има само на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, кој организационо припаѓа кон Ботаничкиот завод на институтот за биологија. Основан е во 1948 година, а службено започнал да работи во 1951 година. Во 1977 година таа се издвоила како самостојна организациона единица во состав на Заводот за ботаника.

Ние посакуваме во Штип да никне една вакква институција. Концептуално, ваквата институција просторно би била на многу помала површина од светски познатите, но, доволно голема за да биде самоодржлива и привлечна за тематски екскурзии. За наши услови, називот ботаничка градина можеби е преамбициозен, но најадекватен термин би бил ботаничко катче или ботанички парк. Можеби би било најдобро таа да биде како дел од заеднички проект на Локалната самоуправа и Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип. Можеби проектот ботаничка градина стана атрактивен и актуелен дотолку повеќе што УГД, како дел од Универзитетската алијанса може да црпи искуства од некој друг Универзитет кој има ваква или слична институција, но и да конкурира со проект од европски фондови за оваа намена. Академската заедница и локалната самоуправа во Штип се пред голем предизвик. Коцката е фрлена со надеж дека ќе застане на страната на оваа идеја.

ЕВГЕНИЈА ДОНЕВА

# НЕ МОРА ДА ЗНАЕШ СЕ НА 20

Личен осврт за притисокот да имаш одговори пред да ги поставиш прашањата

Во едно време каде што сите некаде брзаат, се чини дека на 20 години треба веќе да знаеме сè – што сакаме да бидеме, каде одиме, со кого ќе останеме, што ќе постигнеме. Како да постои некаков невидлив рок до кој мора да си го „средиш“ животот, а ако не успееш – доцниш.

Искрено, јас не мислам дека е така. Како млада личност, многупати сум се нашла во ситуација да се споредувам со другите. Некој веќе има работа, некој патува, некој „знае“ што ќе прави во следните пет години. А ти стоиш и се прашуваш: дали јас заостанувам?

Тоа чувство е тивко, но многу гласно во исто време.

Но вистината е дека секој оди по своја патека – и таа патека не мора да биде јасно исцртана уште од почеток. 20-тите не се период кога треба да ги имаме сите одговори. Напротив, тоа е време кога треба да си дозволиме да поставуваме прашања, да грешиме, да менуваме мислења, да се пронаоѓаме. Тоа е време за истражување, не на конечни одлуки.

Притисокот што го чувствуваме често доаѓа од околината – од очекувањата, од социјалните мрежи, од приказните за „успешни млади луѓе“ кои изгледаат како веќе да го имаат решено животот. Но она што не го гледаме се нивните дилеми, стравови и несигурности. Затоа што ретко кој зборува за тоа.

Научив дека е во ред да не знаеш. Во ред е да се двоумиш. Во ред е да пробаш нешто и да сфатиш дека не е за тебе. Секој чекор, дури и погрешниот, носи нешто вредно – искуство, лекција, насока.

Не мора да имаш совршен план за да се движиш напред. Понекогаш доволно е само да направиш еден мал чекор – па уште еден. И со тек на време, патот сам ќе почне да се обликува.

Наместо да се споредуваме, можеби треба почесто да се прашаме: дали јас растам? дали учам? дали се обидувам? Ако одговорот е „да“, тогаш сме точно таму каде што треба да бидеме.

Затоа, ако си во своите 20-ти и чувствуваш дека не знаеш што правиш – не си сам. И не грешиш.

Само растеш.




МАРИЈА ЧОЛАКОВА

# КАРНЕВАЛСКАТА МАГИЈА ГО ОСВОИ ГРАДОТ: СТРУМИЧКИОТ КАРНЕВАЛ И ОВАА ГОДИНА ОСТАВИ ВПЕЧАТОЦИ ШТО СЕ ПАМЕТАТ







За Струмичани годината не е целосна додека улиците на градот нè оживеат со грациозните чекори на мажоретките, како вистински дами тие се симболот на карневалот, секој нивен чекор е прецизен, секое вртење е исполнето со грациозност и самодоверба. Тие се вистински амбасадори на карневалот, нивното присуство е посебно, затоа што со својата појава ги привлекуваат погледите на сите присутни и умеат со својот танц да го освојат сечие срце. Но, магијата не завршува тука- кога започнуваат звуците на карневалската химна, целиот град се придвижува во ритамот на музиката.

Струмичкиот карневал 2026 траеше една недела, од 18 до 25 февруари, со новиот состав организациониот одбор, понуди богата програма на повеќе локации низ градот. Свеченото отворање се одржа вечерта на 18 февруари на плоштадот „Гоце Делчев“, со предавање на клучот од градот од страна на градоначалникот Петар Јанков, со што карневалџиите симболично ја преземаа „власта“ во Струмица. Истата вечер во Градската уметничка галерија беше отворена изложба на карневалски маски од Цветко Багачевски, која привлече голем број посетители.

На 19 февруари, во четврток, градот оживеа уште повеќе. Во Библиотеката „Благој Јанков Мучето“ беа објавени и наградени учесниците на конкурсот за карневалски творби, додека вечерта во НУЦК „Антон Панов“ се изведе карневалскиот мјузикл „Аладин и Волшебната ламба“, која ги воодушеви и малите и повозрасните гледачи со своите шарени костими, музика и атрактивни сценски изведби.

Во петок, 20 февруари, настаните ја истакнаа креативноста на најмладите. Во Домот на АРМ беше поставена изложбата „Карневалот-танц на бојата и радоста“ со детски творби, додека навечер, во хотел „Сириус“, се одржа традиционалниот маскенбал со избор на принц и принцеза, каде сите маскирани гости имаа можност да влезат во конкуренција за титулата.

Саботата, 21 февруари беше кулминацијата на карневалот. Интернационалната карневалска поворка се движеше по булеварот „Маршал Тито“ до плоштадот „Гоце Делчев“. Поворката ја сочинуваа илјадници маскирани учесници со нивните шарени костими и динамична музика што го исполнуваше градот со енергија и радост.

Неделата, 22 февруари беше посветена на најмалите. Во спортската сала „АБА“ беше организиран Детскиот карневал на „Прочка“. Следниот ден беа објавени победниците од карневалската вечер меѓу кои како освоител на првото место се најде струмичката гимназија „Јане Сандански“ со нивниот настап насловен како „Цветина свадба“.

Настапот на СОУ „Јане Сандански“ се истакна со посветата кон традицијата. Учениците беа облечени во шарени народни носии, секоја носија со свои детали и мотиви што ја претставуваат македонската традиција. Танцуваа во ритамот на македонската музика, создавајќи го моментот како вистински празник. Користеа реквизити кои додадоа живост на сцената: цветни украси, традиционални предмети, тапани итн. Оставајќи го срцето на сцената, тие заслужено се закитија со првото место.

Затворањето на карневалските денови се одржа во среда, со тримерска поворка низ Старата Струмичка чаршија, проследена со посна трпеза, настапи на „Распеани Струмичани и ЗОП „Фолклорна Низа“. На крајот, симболично се врати клучот на градот со што беше заокружено седумдневното издание на Струмичкиот Карневал 2026 година.

И за крај, Струмичкиот карневал уште еднаш покажа дека неговата приказна не завршува само на струмичките улици, туку одекнува и надвор од границите на државата. Покрај објавата во британскиот весник The Guardian, карневалот беше спомнат и во прилог на индиска телевизија. Оваа признание од светските медиуми претставува гордост за Струмица и доказ дека карневалската традиција, креативност и енергија што ги носи овој настан се препознаени и ценети и надвор од границите на Македонија.


УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ШТИП
www.ugd.edu.mk

# КАКО АВТОМАТИЗАЦИЈАТА ГО ПРЕПИШУВА ОПИСОТ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ИТ СЕКТОРОТ



Од Автоматизираното биро | Технологија и економија

Секторот за информатички технологии отсекогаш се дефинирал преку брзото застарување, но индустријата во моментов се соочува со тектонско поместување кое оди подалеку од ажурирање хардвер или учење нов програмски јазик. Пролиферацијата на генеративната вештачка интелигенција, автоматизацијата и напредните cloud архитектури фундаментално го препишуваат она што значи да се работи во ИТ.

Преовладувачката анксиозност е дека AI (вештачката интелигенција) ќе ја замени работната сила во ИТ. Меѓутоа, податоците од индустријата и променливите обрасци на вработување укажуваат на поинаква реалност: AI не го елиминира ИТ одделот; таа принудува на масовен сврт на ниво на целата индустрија. ИТ професионалецот во следната деценија ќе премине од мануелен механичар за код и инфраструктура во стратешки оркестратор.

Еве како активно се трансформира пејзажот на вработувањата во ИТ секторот:

1. Од кодери до диригенти

Во последните две децении, знаењето како да се пишува синтакса во Python, Java или C++ беше ултимативна сигурност за работното место. Денес, AI моделите можат да генерираат функционален, стандарден (boilerplate) код за неколку секунди.

Непосредната иднина на развојот на софтвер и ИТ инженерството лежи во оркестрацијата на AI и промпт-инженерството (Prompt Engineering). Работата повеќе не е да се пишува секоја линија код од нула, туку да се нареди на AI да ја напише, а потоа прецизно да се прегледаат, дебагираат и поврзат тие модули генерирани од AI во поголема, безбедна системска архитектура. Програмерите се искачуваат по скалилото на апстракција – тие стануваат уредници и архитекти наместо обични дактилографи.

2. Трката во вооружување со сајбер безбедноста

Како што AI ја намалува бариерата за влез за пишување код, подеднакво ја намалува и бариерата за пишување малициозен софтвер (malware). Сајбер нападите стануваат автоматизирани, полиморфни и немилосрдни.

Како резултат на тоа, сајбер безбедноста е секторот кој најагресивно се проширува во ИТ. Меѓутоа, улогите се менуваат. Традиционалната одбрана на периметарот (поставување заштитни ѕидови и антивируси) повеќе не е доволна. Иднината им припаѓа на специјалистите за Zero Trust архитектура и AI разузнавање за закани (AI Threat Intelligence). Професионалците за ИТ безбедност ќе имаат задача да распоредуваат одбранбени AI агенти за да ловат офанзивни AI агенти во реално време, оперирајќи во континуирано ескалирачка, автоматизирана трка во вооружување.

3. Подемот на „технолошкиот преведувач"

Бидејќи технологијата станува високо комплексна и длабоко интегрирана во секоја деловна функција, јазот помеѓу серверската соба и салата за состаноци се проширува.

Ова создаде огромна побарувачка за хибридни улоги: професионалци кои го разбираат сложениот инженеринг на податоци, но можат да ја преведат неговата вредност во јасна деловна стратегија. Улогите како етичар за податоци (Data Ethicist), офицер за усогласеност со AI (AI Compliance Officer) и продукт-менаџер (Product Manager) доживуваат масивен пораст. Компаниите немаат потреба само од инженери кои можат да изградат AI модел; потребни им се професионалци кои можат да гарантираат дека моделот не ги крши регионалните закони за приватност, не покажува пристрасност или не ги троши ресурсите на компанијата.

4. Cloud архитектура и Edge Computing

Ерата на управување со физички, локални сервери забрзано завршува за сите освен за најстрого регулираните индустрии. Бидејќи сè се префрла во облакот, „ИТ момчето" што ресетира рутери се заменува со архитект на Cloud системи.

Понатаму, со проширувањето на Интернетот на нештата (IoT), Edge Computing (обработка на податоци на работ на мрежата, поблиску до местото каде што се генерираат наместо во централизиран облак) создава нова под-индустрија. ИТ професионалците кои можат да дизајнираат високо дистрибуирани мрежи со ниска латенција за автономни возила, паметно производство и далечински сензори ќе се најдат во неверојатно голема побарувачка.

ИТ професионалецот кој се потпира исклучиво на меморирање синтакса или мануелно конфигурирање сервери се соочува со застарување. Иднината му припаѓа на приспособливиот генералист кој поседува длабоко системско разбирање, силно етичко расудување и способност беспрекорно да управува со нечовечки, автоматизирани членови на тимот. Технологијата е вештачка, но стратешката насока останува целосно човечка.

# ТЕХНОЛОШКА ДИЛЕМА: ЛАПТОП ИЛИ МОБИЛЕН – КОЈ НАВИСТИНА ЈА ДОБИВА БИТКАТА ЗА НАШАТА ПРОДУКТИВНОСТ?



Од ИТ Бирото | Технологија и хибридна работа

Во денешниот свет на хибридна работа, границата помеѓу физичката канцеларија и работата во движење е целосно избришана. Но, додека ние постојано транзитираме, алатките што ги користиме сè уште водат тивка војна. Дали е време конечно да го оставиме тешкиот лаптоп дома и да ја водиме целата работа исклучиво преку екранот на допир?

Еве новинарски пресек на вечната битка помеѓу лаптопот и мобилниот телефон, и каде навистина лежи проблемот.

1. Хардверскиот парадокс: Моќ наспроти Ергономија

Ако гледаме само низ призмата на сировата процесорска моќ, паметните телефони веќе одамна победија. Еден просечен модерен телефон во вашиот џеб често има поголема хардверска моќ од еден постар, но доверлив работен лаптоп (на пример, преносен систем кој сè уште се потпира на класичен процесор како Intel Core i5-2540M).

Но, сировата моќност не значи многу кога треба да напишете извештај од десет страници. Лаптопот останува неприкосновен крал на ергономијата. Вистинската физичка тастатура, прецизноста на глувчето и големиот екран сè уште не можат да бидат заменети со ниту еден екран на допир кога станува збор за сериозно, долготрајно креирање содржина.

2. Софтверската стапица (И зошто мобилниот сè уште губи)

На хартија, мобилниот телефон звучи како совршена алатка за уредување документи додека патувате помеѓу состаноци или предавања. Но, тука се судираме со суровата корпоративна реалност: софтверските лиценци.

Многу институции и фирми одбиваат да ги покријат трошоците за скапи премиум лиценци за мобилни Office апликации за своите вработени. Ова создава фрустрирачка ситуација на принудно „донеси-си-своја-алатка" (bring-your-own-tool). Работниците се оставени сами на себе, принудени да жонглираат со бесплатни, ограничени и често некомпатибилни мобилни апликации само за да направат обична промена во еден Word или Excel документ додека се во движење. Поради оваа административна пречка, мобилниот телефон често се претвора од алатка за продуктивност во извор на фрустрација.

3. Управување со мултитаскинг

Пробајте да имате отворено три таба во прелистувачот, еден PDF документ, и истовремено да пишувате мејл. На лаптоп, тоа е нормално работно утро. На мобилен, тоа е тест за нерви. Мобилните оперативни системи се дизајнирани за фокусирање на една по една апликација. И покрај обидите за „split-screen" (поделен екран), телефонот едноставно не е направен за вистински, комплексен мултитаскинг.

Заклучок: Кој победува?

Победникот зависи исклучиво од тоа што правите:

- Лаптопот е за креација. Ако пишувате, дизајнирате, програмирате или менаџирате сложени документи, тој е незаменлив.
- Мобилниот е за комуникација и реакција. Ако вашата работа е да одговарате на мејлови, да одобрувате проекти, да комуницирате со тимот и да правите ситни корекции, телефонот е сосема доволен.

Реалноста е дека сè уште ни требаат и двете. Додека работодавците не почнат да обезбедуваат беспрекорен, платен мобилен софтвер за своите вработени, тешкиот лаптоп во ранецот ќе остане нашето нужно зло.



# ОД „ЧЕТБОТ“ ДО „ДИГИТАЛЕН ВРАБОТЕН“











**Клучната разлика помеѓу асистент и агент е автономијата. Моделите претставени оваа година, особено револуционерните надградби од компании како Anthropic и OpenAI, не чекаат само на вашиот следен прашален збор (prompt). Тие буквално го преземаат курсорот на вашиот екран.**

Замислете го менаџирањето на еден дигитален проект или веб-портал. Во минатото, вие баравте од AI да ви напише статија, па вие мануелно отворавте систем за менаџирање содржини (како WordPress), ја внесувавте статијата, баравте соодветна слика, ги средувавте таговите и кликнувавте „објави“.
Денешниот AI-агент добива една команда: „Истражи ги најновите вести за културата во регионот, напиши статија, логирај се на мојот портал, форматирај ја со слики и објави ја до 17 часот.“ Агентот самостојно ги отвора прелистувачите, кликнува на копчињата, навигира низ паѓачките менија и ја завршува целата низа на задачи.

Крајот на софтверската обука
Со децении, луѓето мораа да учат како да зборуваат со компјутерите – учевме да користиме Excel, сложени софтвери за видеомонтажа или комплексни бази на податоци. Агентската ера го превртува ова наопаку: сега компјутерите учат како да ги користат нашите алатки.

Ова значи дека вредноста на еден работник повеќе не лежи во тоа колку брзо може да работи во одредена програма. Софтверските вештини стануваат ирелевантни. Вредноста сега лежи исклучиво во тоа колку добро работникот може да делегира, менаџира и критички да го оценува крајниот резултат на автономниот агент.

Безбедносниот и оперативен кошмар
Но, секоја революција доаѓа со својата темна страна. Доделувањето автономија на машина отвора кутија на Пандора што корпоративниот свет сè уште не знае како да ја затвори.

Кога AI беше само четбот, најлошото што можеше да се случи е да ви даде погрешен факт (халуцинација). Но, кога AI е агент со пристап до вашиот компјутер, халуцинацијата станува акција. Што се случува ако агентот, поради погрешно разбрана команда, самостојно избрише клучна база на податоци на серверот? Што ако самостојно испрати доверливи финансиски документи на погрешна е-пошта бидејќи така го „разбрал“ контекстот?

Индустријата во моментов се бори со концептот познат како „Човек во јамката“ (Human-in-the-loop). Технолошките гиганти брзаат да создадат заштитни механизми каде агентот мора да побара човечко одобрување пред да изврши деструктивна или клучна акција. Сепак, границата помеѓу продуктивноста и катастрофата е потенка од било кога.

**Агентската ера не значи дека компјутерите станаа посвесни; тоа значи дека станаа поспособни за акција. Ние веќе не сме корисници на софтвер; преку ноќ станавме менаџери на дигитална работна сила која никогаш не спие, не бара плата, но на која ѝ недостига основниот човечки здрав разум. Во 2026 година, најбараната вештина нема да биде кодирањето, туку способноста да се држи оваа нова автономна сила под контрола.**





# КАФЕТО – НАЈДОБАР ПРИЈАТЕЛ НА СТУДЕНТОТ







**Кафето е напиток со чуден вкус и мирис, кое има посебна моќ. Неговата моќ е да ги собере истомислениците на едно место и да разменуваат мислења. Кафето има посебно значење во животот на студентите, бидејќи после секое предавање и вежби седнуваме заедно и си го раскажуваме предавањето, разменуваме мислења за разни општествени прашања кои имаат влијание врз нашиот живот.**
**Во студентските денови, кафето е потреба, но и наш сојузник полесно да ја поминеме осаменоста за време на колоквиумската недела и испитната сесија,**
**Кафето не е само пијалок. Тоа е ритуал, спас, навика и понекогаш причина да станеме порано. За многу студенти, денот не започнува со алармот, туку со првата голтка кафе. Тоа е моментот кога мозокот полека се „вклучува“, а реалноста станува малку оптимистичка и поподнослива.**

**Кафето има посебно место во студентскиот живот. Освен за учење, кафето е начин на кој остваруваме нови конекции, познанства. Едно „Ајде на кафе“, може да ни донесе ново пријателство, кое може да ни го промени животот. Кафето може да биде и добар изговор да коментираме некоја актуелна општествена тема која го допира студентското живеење. После завршување на секоја кафе седенка некој ќе рече: „После кафе ќе седнам да учам“. И кога ќе помислиме дека ќе намалиме со кафето – доаѓа нова обврска, нов рок, нова причина за уште една шолја. И така, од „само едно кафе“ стигнуваме до бројка што ни самите не сакаме да ја признаеме. Искрено, не е ни до кафето толку… туку до муабетот што го водиме, до новите другарства и студентски пријателства. Разговорите и шалите што си ги кажуваме додека пиеме кафе за миг ни го отстранува стресот и чувството дека не сме сами во студентски живот. Дури кафе муабетот раѓа амбиции да ги постигнеме нашите животни и професионални цели. Можеби кафето не ги решава нашите проблеми…, но, дефинитивно ни помага полесно да ги преживееме. Можеби утре пак ќе кажеме „од денес без кафе“…, но, однапред знаеме дека тоа е неизбежен дел од студентскиот живот. Кафе муабетот раѓа амбиции, ни ги менува плановите и ги подигаме нашите цели во животот. Затоа, можеме да кажеме дека кафе муабетот е корисен социјален настан од кој можеме многу да научиме и кој може да ни го промени животот во позитивна смисла. Затоа, секое изговорено “Ај на кафе”, да не го одбивате, туку да го прифатите, бидејќи може да ти го промени животот.**

# ОК ШТИП УГД ПО ТРЕТПАТ ПО РЕД ГО ОСВОИ НАЦИОНАЛНИОТ КУП









**Националниот куп во одбојка на Македонија во 2026 година доминантно го освои ОК ШТИП УГД и направи хет-трик. Завршницата на финалниот турнир по 15 години се одржа во Скопје. Одбојкарите на УГД Штип моќно третпат едноподруго го освоија купот на Македонија, победувајќи го во финалетп ГОК Борец од Велес со 3-1 во сетови. Во полуфиналето ОК УГД Штип го победи државниот шампион ОК Струмица со максимални 3-0 во сетови. Одбојкарите на УГД одиграа квалитетно и рутински го освоија националниот куп. Екипата одигра цврсто, тимски и максимално пожртвувано и во ниту еден момент победата не ја доведоа во прашање, потврдувајќи ја својата фаворитска улога на турнирот. Најголема борба се водеше во третиот сет кој заврши со 32-30 за ОК УГД, по што дефинитивно го скрши отпорот на ГОК Борец, обезбедувајќи голема психолошка предност во четвртиот сет, кој заврши со голема разлика 25-13.**

**Тренерот на Борец, Петар Жабев, по натпреварот за МРТВ изјави: "Финалето беше одлично и возбудливо. Упатувам честитки на ОК УГД Штип. Сметам дека сме оштетени кога во третиот сет судиите направија грешка, признавајќи непостоечки поен на УГД. Во четвртиот сет паднавме психолошки и тоа го одлучи натпреварот".**
**Кристијан Ристески, тренерот на УГД за МРТВ изјави: "Натпреварот беше тежок, на Борец им честитам за одличната игра. Мечот го реши нашиот победнички менталитет и психолошка стабилност. Овој натпревар беше најдобар досега што сме го одиграле сезонава. Од утре ќе се фокусираме на освојување на шампионската титула за првпат во историјата на клубот".**
**Редакцијата на Студентско Ехо на ОК "Штип УГД" им го честита големиот успех, а воедно и посакува освојување на шампионската титула за првпат во историјата на клубот.**







# ФК "ПОНЦИАНА КАЛЧО" ОД ТРСТ ФУДБАЛСКИ ФЕНОМЕН: ИГРАЛ ВО ДВЕ НАЦИОНАЛНИ ЛИГИ

ФК "Понцина" од градот Трст е единствен клуб кој по Втората светска војна играл во две национални фудбалски лиги. По Втората светска војна, градот Трст територијално припадна на ФНР Југославија, а подоцна поради промена на геополитичките односи овој град припадна на Италија. Оттука, може да се насети дека станува збор за натпреварување во Југословенската Прва сојузна лига и Италијанската лига-Серија А. Овој клуб поради сплет на политички околности, прво настапи во Првата сојузна лига на ФНРЈ, за да по припојувањето на Трст кон Република Италија продолжи да игра во Првата фудбалска лига во Италија-Серија А, позната како Калчо. Кога се зборува за фудбалот во Трст прво име кое ни паѓа на ум е Триестина кој е основан во 1918 година и претставува симбол на градот. Меѓутоа, малкумина знаат дека Трст има уште еден тим со своја приказна и историја. Во прашање е клубот "Понциана Калчо", кој настапувал во две национални фудбалски лиги: италијанската Калчо и Југословенската. Дали ваков сличен случај постои во светот не успеавме да дознаеме.



Поради сплет на воени и политички околности, градот Трст стана дел од привремената територија на ФНРЈ. Ваквата политичка ситуација, овозможи еден тим од Италија неколку сезони да настапува во Првата југословенска лига. Во 1946 година "Понциана-Калчо" се дели на два дела. Едниот тим настапува во југословенската лига, додека другиот дел од тимот настапува во Италијанската прва лига. Екипата на Понциана настапувала во Првата југословенска лига од 1946-1949 година заедно со Црвена Ѕвезда, Партизан, Динамо, Хајдук и други тимови. Тимот постигнувал просечни резултати, а во 1949 година испаѓа од Првата лига на Југославија.

Во меѓувреме настанува воена и политичка криза на тој дел од европскиот континент. Кризата е решена со т.н. "Лондонски договор", според кој, градот Трст е вратен на Италија. Враќањето кон матичната територија, довело до повторно обединување на двата клуба Понциана, но, фудбалерите кои настапиле под името Аматори Понциана во југословенската лига биле казнети. Многу бргу потоа, ФК "Понциана" почнала да го губи значењето во италијанскиот фудбал и почнала да тоне во аматерските лиги каде се наоѓа и денес.

Така настанала една од најнеобичните приказни за еден фудбалски тим од Италија да настапува во две национални првенства, поради политички околности и промена на границата, да игра во лига на соседна држава. Историјата на фудбалот во Европа го бележи овој момент во спортските журнали како своевиден преседан во историјата на фудбалот.



# ОСВРТ НА МАШКОТО ФИНАЛЕ ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ НА ЗОИ 2026

MILANO CORTINA 2026



Михаил Шалдоров-Олимписки првак во Уметничко лизгање на чуден начин

Машкото финале во уметничко лизгање на ЗОИ, Милано Кортина 2026, со Хичкокова завршница. Првпат во историјата на оваа дисциплина победи натпреварувач базирана на грешките на противниците т.е. 4те првопласирани. Во финалето Шалдеров стартуваше како петопласиран и имаше одличен настап. Меѓутоа, финалето го пресудија грешките на 4те натпреварувачи кои следуваа по него. Најголемиот фаворит во оваа дисциплина, Илија Малинин од САД, направи три катастрофални грешки со што Михаил Шалдоров му го отвори патот за златен медал. Американецот Илија Малинин се смета за најголем трагичар на ЗОИ, а Михаил Шалдоров за најсреќен спортист, кој од петто место го освои златниот медал, а Илија од најдобропласиран во првиот круг со три грешки од првото падна на осмото место и остана без медал. Во спортот и тоа е можно, во спротивно не би бил привлечен и интересен.





УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

GOCE DELCEV
UNIVERSITY

ACE2
EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged